**20170290466**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 162 став (5) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

# ПРОГРАМА ЗА ГРАДИВОТО И ПРОПИСИТЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ТЕОРЕТСКИОТ ДЕЛ ОД КВАЛИФИКАЦИОНИОТ НОТАРСКИ ИСПИТ И ИСПИТОТ ЗА РАНГИРАЊЕ НА НОТАР, ИСПИТОТ ЗА ЗАМЕНИК - НОТАР, ИСПИТОТ ЗА ПОМОШНИК - НОТАР, ИСПИТОТ ЗА НОТАРСКИ СТРУЧЕН СОРАБОТНИК И СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊАТА НА НОТАРИТЕ

Член 1

Со оваа програма се пропишува градивото и прописите за полагање на теоретскиот дел од квалификациониот нотарски испит и испитот за рангирање за нотар, испитот за заменик - нотар, испитот за помошник - нотар, испитот за нотарски стручен соработник и стручниот испит за проверка на знаењата на нотарите.

Член 2

Програмата за полагање на теоретскиот дел од квалификациониот нотарски испит и испитот за рангирање за нотар, испитот за заменик - нотар, испитот за помошник - нотар, испитот за нотарски стручен соработник и стручниот испит за проверка на знаењата на нотарите, се состои од следните предмети:

1. Нотарска служба, организација и делокруг на нотаријатот, составување, заверување и легализација на исправите во односите со меѓународен елемент

1.1. Поим на нотаријат, нотари, нотарска служба и нотарски исправи и заверки.

1.2. Начела на вршење на нотарска служба.

1.3. Именување на нотарите (услови и постапка за именување на нотар, нотарска свечена изјава и повелба за поставување).

1.4. Определување на бројот и распоредот на нотарските службени седишта и службени подрачја.

1.5. Осигурување од одговорност за штета причинета од нотар.

1.6. Постапка за издавање, одземање и поништување на службен печат, сув жиг, жиг за восок, штембили, потпис и квалификуван сертификат.

1.7. Нотарска канцеларија и работно време.

1.8. Причини за престанување на службата на нотарот и разрешување (барање за престанок на вршење на нотарската служба, разрешување, правен лек и известување за престанокот на вршењето на службата).

1.9. Преземање и чување на списите и нотарските деловни книги во случај на престанок на нотарската служба.

1.10. Обнова и замена на изгубени списи од архива на нотарот на кого му престанала нотарската служба.

1.11. Службено седиште, службено подрачје, неможност за преместување на нотарот, отсуство на нотарот.

1.12. Службена должност на нотарот, одбивање на преземање на службено дејствие и задолжително пријавување на корупција.

1.13. Изземање на нотар, нотарска тајна и слободен пристап до информации од јавен карактер, соработка и здружување на нотари и забрана за вршење на друга дејност или функција.

1.14. Заштита на нотарската канцеларија, ослободување од трошоците и одговорност за штета.

1.15. Начин на пишување на нотарски исправи и заверки и потпишување на нотарски исправи.

1.16. Броеви во нотарската исправа, исправка и дополнувања во нотарски исправи, означување и поврзување на страници на нотарската исправа, нотарска исправа која нема својство на јавна исправа.

1.17. Нотарска исправа составена во електронски облик, електронски извод на нотарска исправа, електронски заверен препис, доставување на податоци, запишување и внесување на нотарски исправи во електронски облик во јавните регистри и електронска комуникација на нотарот со електронските бази на податоци, архивирање на нотарска исправа во електронски облик.

1.18. Чување и издавање на нотарски исправи, привремено одземање на нотарски исправи, пари и предмети.

1.19. Правни работи за кои нотарскиот акт е задолжителен и составување на нотарски акт.

1.20. Извршност на нотарска исправа.

1.21. Потврдување на приватни исправи.

1.22. Нотарски исправи за пренос на право на сопственост.

1.23. Утврдување на идентитет и субјективитет.

1.24. Сведоци на идентитет, сведоци при составување на нотарски акт, присуство на сведок на актот, писмени глуви, неми и глувонеми учесници, неписмени глуви, неми и глувонеми учесници, преведувачи.

1.25. Содржина на нотарски акт и ништовност на нотарски акт.

1.26. Нотарски платен налог (предлог за издавање на решение за нотарски платен налог, содржина на предлогот и основ за издавање на решение за нотарски платен налог).

1.27. Постапка по предлог за издавање на решение за нотарски платен налог и форма и содржина на решението за нотарски платен налог .

1.28. Приговор против решението за издавање на нотарски платен налог.

1.29. Потврда за правосилност и извршност и укинување на потврда за правосилност и извршност.

1.30. Награда и трошоци во постапка за издавање на нотарски платен налог.

1.31. Повлекување на предлог за издавање на нотарски платен налог.

1.32. Обврска за плаќање на судска такса и форма и содржина на решението за нотарски платен налог.

1.33. Начин на достава и достава со јавна објава.

1.34. Субсидијарна приемна на Законот за парничната постапка.

1.35. Записници, потврди и заверки (потврдување на факти и изјави, заверка на преписи, заверка на изводи и преписи од регистри, трговски и деловни книги).

1.36. Записници, потврди и заверки (заверка на превод од овластен судски преведувач, заверка на потпис или ракознак).

1.37. Записници, потврди и заверки (потврда за времето кога исправата е поднесена, потврда дека некој е жив, потврда за факти од регистар).

1.38. Записници, потврди и заверки (соопштување на изјави и потврди за извршено соопштение и примање изјави под заклетва).

1.39. Водење записници и потврдување на заклучоци за одржани собранија и седници на друг орган на правно лице.

1.40. Записник за потврдување на факти.

1.41. Протести на меница и чек.

1.42 Полномошно.

1.43. Изворник на нотарска исправа и извод од нотарска исправа.

1.44. Препис од изворник на нотарска исправа и издавање на извод и препис од изворник.

1.45. Потврди за уписи во нотарски уписници и постоење на нотарски исправи, прилози кон изворник и извод на нотарска исправа, заверка на извод од нотарска исправа, рокови за издавање на изводи, потврди, извадоци и преписи.

1.46. Преземање на исправи, пари и хартии од вредност заради чување и предавање (преземање на исправи заради чување или предавање).

1.47. Преземање на чување пари и хартии од вредност (нотарски депозит) и својство на нотарски депозит.

1.48. Чување и предавање на пари и хартии од вредност и неможност за предавање на пари и хартии од вредност.

1.49. Чување на архивски материјал и обновување на нотарски исправи и списи.

1.50. Нотарски деловни книги.

1.51. Заменик – нотар.

1.52. Помошник – нотар.

1.53. Нотарски стручни соработници и нотарски приправници.

1.54. Нотар кој привремено ја врши службата.

1.55. Нотарска комора на Република Македонија (статут и други општи акти и приходи на Комората).

1.56. Собрание и надлежност на собранието.

1.57. Управен одбор  и надлежност на Управниот одбор.

1.58. Претседател на Нотарска комора на Република Македонија и негова надлежност.

1.59. Дисциплински орган.

1.60. Правни средства против одлуките на Нотарската комора на Република Македонија.

1.61. Извештај за работата на нотаријатот.

1.62. Надзор над работењето на нотарската служба (овластување на Министерството за правда при надзор, надзор над работата на Нотарска комора на Република Македонија и надзор над законитоста на работењето на нотарот).

1.63. Овластувања на Нотарска комора на Република Македонија за вршење надзор на нотарите.

1.64. Дисциплинска одговорност на нотарите.

1.65. Дисциплинска постапка, поведување на дисциплинска постапка и итност на постапката.

1.66. Привремено оддалечување од вршење на нотарската служба.

1.67. Дисциплински мерки.

1.68. Изрекување на писмена опомена или парична казна.

1.69. Изрекување на јавна опомена или парична казна.

1.70. Изрекување на парична казна или привремено одземање на правото на вршење на нотарската служба.

1.71. Изрекување на трајно одземање на правото на вршење нотарска служба.

1.72. Прекин на дисциплинска постапка и застареност на дисциплинската постапка.

1.73. Одлуки и правен лек против одлука донесена во дисциплинска постапка.

1.74. Извршување на дисциплински одлуки.

1.75. Нотари како повереници на судовите и другите органи (постапка за расправање на оставина, други работи кои можат да му се доверат на нотар, правна положба на нотарот како повереник, надзор над работењето на нотарот како повереник, постапка за правна заштита и чување на актите на нотарот како повереник на судот).

1.76. Нотарска тарифа и спорови за наградата и надоместокот на трошоците.

1.77. Наплата на нотарска награда и трошоци, плаќање на награда и аванс, забелешка и потврда за наградата и трошоците и наплата на нотарска такса.

1.78. Спорови за награда и надоместок на трошоците.

1.79. Мерки за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.( Програма за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам и надзор над примената на одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам).

1.80. Квалификационен нотарски испит, испит за рангирање на нотар, испит за заменик-нотар, помошник-нотар, нотарски стручен соработник и стручен испит за проверка на знаењата на нотарите.

1.81. Форма, начин на пишување и обележување нотарски исправи.

1.82. Утврдување на опрема и простории потребни за вршење на нотарската служба.

1.83. Легализација на јавните исправи во меѓународниот правен промет.

1.84. Хашка Конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи.

1.85. Општ деловен уписник - (ОДУ).

1.86. Уписник за заверки и преводи - (УЗП).

1.87. Уписник за протести - (УП).

1.88. Уписник за доверени работи – ( УДР).

1.89. Именик за доверени работи - (ИДР).

1.90. Депозитна книга за преземени и издадени туѓи пари, хартии од вредност и скапоцености – (ДК).

1.91. Заеднички именик на странките за Општиот деловен уписник, Уписникот за протести, Уписникот за заверки и потврди, Уписникот за доверени работи, Уписникот за нотарски платни налози и Депозитната книга – (ЗИ).

1.92. Член 6 од Европската конвенција за човекови права – право на правично судење.

2. Кривично право за кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството; против службената должност; против правосудството и против правниот сообраќај.

2.1. Значење на изразите на Кривичниот законик;

2.2. Умисла и небрежност;

2.3. Помагање;

2.4. Застареност на кривичното гонење;

2.5. Тек и прекин на застарувањето на кривичното гонење;

2.6. Неовластено откривање тајна;

2.7. Злоупотреба на доверба;

2.8. Фалсификување на хартии од вредност;

2.9. Перење на пари и други приноси од казнено дело;

2.10. Измама при работење со хартии од вредност;

2.11. Даночно затајување;

2.12. Фалсификување или уништување на деловни книги;

2.13. Оддавање и неовластено прибавување деловни тајни;

2.14. Неовластена употреба на туѓа фирма;
2.15. Злоупотреба на службена положба и овластување;
2.16. Несовесна работа во служба;
2.17. Проневера во служба;
2.18. Измама во служба;
2.19. Примање на поткуп;
2.20. Давање на поткуп;
2.21. Противзаконито посредување;
2.22. Противзаконито стекнување и прикривање на имот ;
2.23. Оддавање службена тајна;
2.24. Фалсификување службена исправа;
2.25. Противзаконита наплата и исплата;
2.26. Непријавување подготвување на кривично дело;
2.27. Непријавување кривично дело или сторител;
2.28. Поднесување лажни докази;
2.29. Спречување на докажување;
2.30. Фалсификување на исправа;
2.31. Посебни случаи на фалсификување исправа;
2.32. Компјутерски фалсификат;
2.33. Употреба на исправа со невистинска содржина.

3. Парнична постапка, вонпарнична постапка, облигационо, наследно, семејно, стварно право и извршување

3.1. Месна и стварна надлежност на судот.
3.2. Странки и нивни законски застапници.
3.3. Полномошници.
3.4. Донесување на одлуки.
3.5. Начин на доставување на писмена.
3.6. Одбивање на прием.
3.7. Промена на стан.
3.8. Полномошник за примање на писмена.
3.9. Тужба и противтужба.
3.10. Докази во постапката.
3.11. Обезбедување на докази.
3.12. Пресуда и видови пресуди.
3.13. Правосилност на пресудите.
3.14. Решение.
3.15. Редовни правни лекови.
3.16. Жалба против пресуда и право на изјавување на жалба.
3.17. Жалба против решение.
3.18. Вонредни правни лекови.
3.19. Постапка во спорови поради смеќавање на владение.
3.20. Издавање на платен налог.
3.21. Постапка во стопански спорови.
3.22. Одземање на деловна способност и враќање на деловна способност.
3.23. Прогласување на исчезнато лице за умрено и докажување на смрт.
3.24. Продолжување на родителското право и должности по нонолнетството.
3.25. Расправање на оставина.
3.26. Надлежност при расправање на оставина.
3.27. Нотари како повереници на судот.

3.28. Смртовница.
3.29. Попис и процена на оставината.
3.30. Привремени мерки за обезбедување на оставината.
3.31. Постапка со тестамент.
3.32. Постапка на оставинскиот суд по прием на смртовница.
3.33. Рочиште за расправање на оставина.
3.34. Донесување на решение.
3.35. Наследно правно барање по правосилноста на решението за наследување.
3.36. Постапка кога за наследување на оставината е надлежен странски орган.
3.37. Определување на надоместок за експроприрана недвижност.
3.38. Делба на заеднички предмет или имот.
3.39. Составување на судски тестамент.
3.40. Поништување на исправи.
3.41. Чување на исправи.
3.42. Судски депозит.
3.43. Страни и предмет на облигационите односи.
3.44. Облигационо – правни факти (извори на облигациите).
3.45. Содржина и дејство на облигационите односи.
3.46. Промена на страните на облигационите односи:
- Цесија (пренос на правото).
- Преземање на долг.
- Отстапување (пренос) на договорот.
- Пристапување кон долг.
- Преземање на исполнување (туѓ) долг.
- Капара и пишманлук.

3.47. Промена на содржината на облигационите односи (општо и начини на промени).
3.48. Облигациони односи со сложени страни:
- Деливи облигациони односи.
- Солидарни облигациони односи.
- Неделиви облигациони односи.

3.49. Парични облигациони односи (предмет, исполнување, камата).
3.50. Облигациони односи со повеќе предмети:
- Алтернативни облигациони односи.
- Факултативни облигациони односи.

3.51. Престанување на облигационите односи:
- Исполнување.
- Пребивање (компензација).
- Отпуштање на долг.
- Новација.
- Соединување (конфузија).
- Невозможност во исполнување.
- Истек на време и отказ.
- Смрт.
- Застареност.

3.52. Двостранообврзувачки договори и едностранообврзувачки договори.
3.53. Главен (самостоен) договор и спореден договор.
3.54. Именувани договори и неименувани договори.
3.55. Каузални договори и апстрактни договори.
3.56. Формуларни договори, атхезиони договори и општи услови на договорот.
3.57. Општи услови за настанување на договорите:

- Договорни страни.
- Согласност на волјите на договорните страни (преговори, преддоговор, понуда, прифаќање на понудата, перфекција на договорот).
- Предмет на договорот.
- Кауза (основ) на договорот.
- Форма на договорот.

3.58. Толкување на договорите.

3.59. Општо за дејството на договорите.

- Договор во корист на трето лице.

3.60. Посебно за дејства на двостраните договори:

- Одговорност за правните и материјалните недостатоци на исполнувањето.
- Приговор за неисполнување на договорот.
- Раскинување или измена на договор поради променети околности.
- Невозможност за исполнување и виша сила.
- Прекумерно оштетување.
- Лихварски договор.

3.61. Неважност на договорите:

- Непостоечки договор.
- Ништовни договори.
- Рушливост на договорот.
- Разлики помеѓу ништовноста и рушливоста.

3.62. Раскинување на договорите:

- Спогодбено раскинување.
- Еднострано раскинување.

3.63. Побојност на договорите.

3.64. Поим, видови и класификација на посебните облигациони договори.

3.65. Договори што се правен основ за пренесување на правото на сопственост врз ствар:

- Договор за продажба.
- Договор за размена.
- Договор за заем.
- Договор за дар.
- Договор за отстапување на имотот за време на живот.

3.66.  Договори што се правен основ за користење и за чување туѓа ствар:

- Договор за закуп.
- Договор за послуга.
- Договор за депозит (остава).

3.67. Договори што се правен основ за вршење услуги:

- Договор за дело.
- Договор за налог.

3.68. Договори што се правен основ за здружување средства   и труд:

- Договор за ортаклак.
- Договор за доживотна издршка.

3.69. Договори што се правен основ за зајакнување на побарувањата:

- Договор за залог.
- Договор за гаранција.
- Банкарска гаранција.
- Договор за капар.
- Договор за пишманлак.
- Договор за капар како пишманлак.

- Договор за договорна казна.

3.70. Облигациони односи што настануваат со причинување на штета (општо).

3.71. Страни на облигационите односи што настануваат со причинување на штета.

3.72. Општи услови потребни за настанување на облигационите односи со причинување на штета.

3.73. Посебни услови за настанување на облигационите односи со причинување на штета.

3.74. Видови на одговорност за причинета штета.

3.75. Субјективна одговорност (општо):

- Поим за вината.
- Видови вина.
- Претпоставување односно докажување вина.

3.76. Објективна одговорност:

- Услови за објективна одговорност.
- Посебно за имателот на опасната ствар и вршителот на опасна дејност.
- Опасна ствар и опасна дејност.
- Основ на објективната одговорност.
- Посебни случаи на објективната одговорност.

3.77. Договорна одговорност (општо):

- Особености за договорната одговорност за причинета штета.
- Штета.
- Вина.

3.78. Одговорност за друг (општо):

- Штета причинета од полнолетно лице неспособно за расудување.
- Штета причинета од малолетник.
- Одговорност на родителите и малолетниците врз основа на справедливост.

3.79. Одговорност на правното лице (работодавачот) и неговите органи за штета причинета на трето лице (општо):

- Страни (штетник и оштетен).
- Штетно дејствие.
- Вина.
- Одговорност без оглед на вина.

3.80. Останати случаи на одговорност за причинета штета.

3.81. Поим на надомест на штета.

3.82. Надоместување на материјална штета:

- Поим на надоместување на материјална штета.
- Видови на надоместување на материјална штета.
- Обем и висина на надомест на материјална штета.
- Надомест на материјална штета во случај на смрт, телесна повреда и оштетување на здравјето.
- Надомест на материјална штета во случај на повреда на честа и ширење невистинити наводи.

3.83. Надоместување на нематеријална штета:

- Поим на надоместување на нематеријална штета.
- Нематеријално надоместување на нематеријална штета.
- Парично надоместување на нематеријална штета.

3.84. Еднострани изјави на волја:

- Јавно ветување награда.
- Издавање хартии од вредност.

3.85. Оставина:

- поим и содржина,
- издвојување на предмети од домаќинство,
- издвојување на дел од заеднички имот,
- утврдување на вредност на оставината.

3.86. Способност за наследување.
3.87. Неспособност за наследување.
3.88. Недостојност за наследување.
3.89. Физички лица и правни лица како наследници.
3.90. Прв наследен ред.
3.91. Втор наследен ред.
3.92. Трет наследен ред.
3.93. Нужни наследници и нужен наследен дел.
3.94. Пресметување на нужниот дел, намалување на располагањето со тестаментот и враќање на подароците.
3.95. Поим за тестамент и карактеристики.
3.96. Услови за полноважност на тестаментот.
3.97. Видови тестамент (класификација на формите на тестамент).
3.98. Содржина на тестаментот.
3.99. Определување на легат (содржина, легатар и извршување на легатот).
3.100. Определување на извршител на тестамент:

- полагање на сметка и награда за извршителот,
- престанок на должноста на извршител на тестаментот.

3.101. Чување и толкување на тестаментот.
3.102. Услови за склучување и полноважност на брак.
3.103. Форма на брак, дејства и престанок на бракот.
3.104. Поим, предмет и содржина на родителското право.
3.105. Право и должности на родителите и децата.
3.106. Посвојување (поим, услови и засновање на посвојувањето).
3.107. Права и должности на посвоителот и посвоеникот и престанок на посвојувањето.
3.108. Организација на старателството и старателскиот орган во Република Македонија.
3.109. Видови старателство:

- Старателство над малолетни лица
- Старателство над лица лишени од деловна способност.

3.110. Издржување - издржување на децата, на родителите и на другите роднини.
3.111. Издржување - издржување на брачен другар.
3.112. Издржување - определување на издршка.
3.113. Имотни односи на брачните другари, на вонбрачните другари и на родителите и децата.
3.114. Основни карактеристики на стварните права.
3.115. Други карактеристики на стварните права.
3.116. Разграничување на стварните од облигационите права.
3.117. Класификации на стварните права во современото стварно право.
3.118. Правото на сопственост според Уставот на Република Македонија.
3.119. Видови стварни права во Република Македонија - од донесувањето на Законот за сопственост и други стварни права до денес.
3.120. Право на сопственост
а). Објект на правото на сопственост,
б). Облици и подоблици на правото на сопственост

- Сосопственост (поим и предмет)
- Заедничка сопственост

- Етажна сопственост
в). Стекнување на правото на сопственост
- Оригинерно стекнување на правото на сопственост
- Деривативен начин на стекнување на правото на сопственост
- Стекнување на правото на сопственост со наследување
г). Остварување на правото на сопственост
д). Заштита на правото на сопственост
ѓ). Престанок на правото на сопственост
е). Ограничувања на правото на сопственост
- општи
- посебни
3.121. Право на службеност
а). стварни службености,
б). лични службености.
3.122. Право на залог
а). Рачен залог
б). Хипотека
3.123. Право на долготраен закуп на градежно земјиште според Законот за градежно земјиште.
3.124. Право на долготраен закуп на градежно земјиште според Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.
3.125. Право на долготраен закуп на земјоделско земјиште.
3.126. Право на првенствено купување.
3.127. Стварни права на странски лица.
3.128. Правен режим на стварите.
3.129. Заштита на стварните права,
3.130. Престанок на стварните права.
3.131. Superficies solo cedit.
3.132. Објект од траен карактер и објект од времен карактер.
3.133. Ствари (добра) од општ интерес за Република Македонија.
3.134. Деливи и неделиви ствари.
3.135. Потрошни ствари и непотрошни ствари.
3.136. Владение:
- правен режим и елементи,
- поим, субјекти и предмет.
3.137. Непосредно и посредно владение.
3.138. Оригинерно и изведено владение.
3.139. Законско и незаконско владение.
3.140. Вистинско (право, мирно) владение и невистинско (манливо, вициозно) владение.
3.141. Совесно и несовесно владение.
3.142. Стекнување на владението.
3.143. Престанок на владението.
3.144. Владетелски тужби
- Тужба заради смеќавање или одземање на владение.
- Тужба за заштита на совладението и на заедничкото владение.
- Тужба за заштита на владението на наследниците.
3.145. Заштита на владението со дозволена самопомош.
3.146. Извршни исправи.
3.147. Приговор против неправилности во извршувањето.

3.148. Извршна нотарска исправа.
3.149. Средства за извршување
3.150. Поднесување на барање за извршување.
3.151. Извршни дејствија.
3.152. Противизвршување.
3.153. Одлагање и запирање на извршување.
3.154. Извршување заради наплата на парично побарување со извршување врз подвижни предмети.
3.155. Извршни дејствија при извршување врз подвижни предмети.
3.156. Продажба на подвижни предмети.
3.157. Налог за извршување.
3.158. Извршување врз недвижности.
3.159. Продажба на недвижности.
3.160. Извршување зарди наплата на непарично побарување.
3.161. Запишување на право во јавна книга, и начин на спроведување на извршувањето.
3.162. Вонсудска наплата на долгови по основ на веродостојна исправа

4. Трговски друштва во делот на надлежноста на нотарите и евиденција на правата на недвижностите

4.1. Форми на трговски друштва.
4.2. Застапување на трговско друштво.
4.3. Прокура.
4.4. Јавно трговско друштво.
4.5. Командитно друштво.
4.6. Друштво со ограничена одговорност (Д.О.О) и начин на основање.
4.7. Престанување на содружничкиот однос во Д.О.О.
4.8. Управување на Д.О.О.
4.9. Одлучување на содружниците во Д.О.О.
4.10. Надзор над работата на Д.О.О.
4.11. Измени на Договорот за Д.О.О.
4.12. Зголемување на основната главнина на Д.О.О.
4.13. Намалување на основната главнина на Д.О.О.
4.14. Акционерско друштво (А.Д.) и акции.
4.15. Основање на А.Д.
4.16. Правни односи помеѓу друштвото (А.Д.) и акционерите.
4.17. Органи на А.Д.
4.18. Отповикување на органот на управување во А.Д.
4.19. Собрание на А.Д.
4.20. Годишно собрание на А.Д.
4.21. Кворум за работа на Собранието на А.Д.
4.22. Водењето на Собранието и услови за оставрување на право на глас.
4.23. Записник на Собрание на А.Д.
4.24. Продолжување на прекината седница на А.Д.
4.25. Ништавност и побивање на одлуките на Собранието на А.Д.
4.26. Статут на А.Д и измени на статутот.
4.27. Зголемување на основната главнина во А.Д (начин и одлука за зголемување).
4.28. Намалување на основната главнина во А.Д.
4.29. Статусни промени на трговско друштво (присоединување, спојување и поделба).
4.30. Содржина на спогодбата при статусни промени.

4.31. План за поделба на друштвото.
4.32. Право на содружниците односно акционерите при статусни промени.
4.33. Известување на доверителите за статусните промени.
4.34. Ликвидација на трговско друштво.
4.35. Стечајна постапка на трговско друштво.
4.36. Органи на стечајна постапка.
4.37. Правата на доверителите во стечајна постапка.
4.38. Разлачни и излачни доверители.
4.39. Составување задолжница
4.40. Издавање на заложница
4.41. Наплата на обврски по датум на достасување
4.42. Присилно извршување на задолжница
4.43. Откажување од права од задолжница
4.44. Геодетско - катастарски информационен систем (ГКИС).
4.45. Пристап, дистрибуција, пристап и издавање на податоци од ГКИС.
4.46. Основни геодетски работи.
4.47. Премер на недвижности.
4.48. Згради, посебни делови од згради и други објекти од катастарот на недвижности.
4.49. Катастарски општини.
4.50. Катастарско класирање на земјиште.
4.51. Катастар на недвижности
4.52. Начелата на запишување во Катастарот на недвижности.
4.53. Издавање на податоци од Катастарот на недвижности.
4.54. Запишување на правото на недвижности во Катастарот на недвижности.
4.55. Правни основи за запишување во Катастар на недвижности.
4.56. Видови на запишување во Катастарот на недвижности.
4.57. Воспоставување на катастар на инфраструктурни објекти.
4.58. Исправи за запишување во Катастарот на недвижности.
4.59. Промена на податоците за недвижностите.
4.60. Форма и начин на поднесување на пријава за запишување.
4.61. Споредување на податоците за недвижностите.
4.62. Пресметување и евидентирање на вредноста на недвижностите
4.63. Запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности
4.64. Судска заштита.

Член 3

Прописите и градивото за подготовка на теоретскиот дел од квалификациониот нотарски испит и испитот за рангирање за нотар, испитот за заменик - нотар, испитот за помошник - нотар, испитот за нотарски стручен соработник и стручниот испит за проверка на знаењата на нотарите се дадени во Прилог и се составен дел на оваа програма.

Член 4

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ .

Бр. 09-932/1
1 март 2017 година
Скопје

Министер за правда,
**Валдет Џафери** с.р.

ПРИЛОГ

Прописи и градиво за подготовка на теоретскиот дел од квалификациониот нотарски испит и испитот за рангирање за нотар, испитот за заменик - нотар, испитот за помошник - нотар, испитот за нотарски стручен соработник и стручниот испит за проверка на знаењата на нотарите:

- Закон за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16);
- Правилник за работното време на нотарските канцеларии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/16);
- Правилник за начинот на полагање на квалификациониот нотарски испит, испитот за рангирање за нотар, испитот за заменик – нотар, испитот за помошник - нотар, испитот за нотарски стручен соработник и стручниот испит за проверка на знаењата на нотарите и за формата и содржината за уверението за положени испити;
- Правилник за бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/16);
- Правилник за формата и начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарските исправи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/16);
- Правилник за видот, содржината, формата, начинот на водење на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивно издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/16);
- Правилник за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/16);
- Правилник за поблиските услови за просторот, опремата и фирмата на нотарската канцеларија („Службен весник на Република Македонија“ бр.226/16);
- Правилник за начинот на вршење на надзор над законитоста на работењето на нотарот („Службен весник на Република Македонија“ бр.226/16);
- Нотарска тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр.226/16);
- Закон за легализација на јавните исправи во меѓународниот промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.74/12);
- Конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи од 05 октомври 1962 година („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 10/62)-преземена како републички пропис согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52 /91)
- Судски деловник („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/13 и 114/14);
- Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи и Протоколите бр. 1, 4, 6 и 7;
- Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15 и 226/15);
- Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16) и Одлука на Уставен суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/09);
- Закон за задолжница („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/12, 12/14, 201/14 и 145/15);

- Закон за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16 и 172/16);
- Закон за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15) и Одлука на Уставниот суд од 19.12.2007 година;
- Закон за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15 и 23/16);
- Закон за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија"бр. 50/01, 49/03, 109/05, 88/08, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15 и 27/16);
- Закон за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија" бр.18/01, 92/08, 139/09 и 35/10);
- Закон за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15);
- Закон за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.9/08);
- Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16 и 142/16);
- Европско компаративно право за трговски друштва – автори: Мадс Анденас и Френк Вулдриџ 2011 година, во издание на АД Вербум;
- Наследно право - учебник од Проф.д-р Љиљана Спировиќ - Трпеновска, во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје од 2005 година;
- Закон за наследување („Службен весник на Република Македонија" бр.47/96);
- Семејно право - учебник од Проф.д-р Љиљана Спировиќ - Трпеновска, во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје од 2008 година;
- Закон за семејството - („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15);
- Стварно право - учебник од Проф.д-р Родна Живковска, во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје од 2005 година;
- Облигационо право – учебник од Проф.д-р Гале Галев и Проф.д-р Јадранка Дабовиќ – Атанасовска, во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје од 2008 година;
- Закон за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр.18/01, 4/02, 59/02, 5/03, 84/08, 81/09 и 161/09);
- Одлука на Уставен суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/08);
- Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16);
- Закон за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11,148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15 , 7/16 и 39/16);
- Закон за договорен залог („Службен весник на Република Македонија" бр.5/03, 4/05, 87/07, 51/11, 74/12, 115/14, 98/15, 215/15 и 61/16);
- Облигационо право 1 (граѓанска одговорност и квази-договори), Автор Муриел Фабр-Мањан, Издавач: Арс Ламина 2011 година;
- Облигационо право 2 (договорот и еднострананата обврска), Автор Муриел фабр-Мањан, Издавач: Арс Ламина 2011 година;
- Заложно право, Автор Ивс Пико, Издавач: Арс Ламина 2011 година;
- Европско стварно право , Автор Питер Спаркс, Издавач Просветно дело 2009 година;
- Основи на приватно право – иницијативи, деликти, договори за стекнување без основа – Џејмс Гордлеј;

- Член 6 од Европската конвенција за човекови права – право на правично судење Автор: Ендрју Гротриан Издавач : Просветно дело 2008 година;
- Европска конвенција за човекови права – достигнувања, проблеми и изгледи Автор: Стивен Григ Издавач: Просветно дело 2009 година;
- Право на Европската конвенција за човекови права Автор: Д.Харис, М.О.Бојл, Е.П.Бејтс и С:М: Бакли Издавач: Просветно дело 2009 година;
- Кривично право посебен дел - кривични дела против имотот, Автори: Јоханес Веселс и Томас Хиленкамп, Издавач: Просветно дело 2013 година;
- Казнено право - посебен дел 1 (кривични дела против личните и заедничките вредности), Автори Јоханес Веселс и Михаил Хетингер; Издавач: Табернакул 2009 година;
- Облигационо право - римски основи на граѓанската традиција, Рајнхард Цимерман, Издавач: Просветно дело 2009 година;
- Блексонови пишани закони за Право на трговски друштва, Автор Дерек Френч , Издавач: Табернакул 2010;
- Европско компаративно право за трговски друштва, Автори Мадс Анденас и Френк Вулдриџ, Издавач: Ад Вербум 2011 година;
- Учебник по економија и право - основи на трговското право, Автори Еуген Клунцингер; Издавач: Арс Ламина 2011 година.

ЗАБЕЛЕШКА:

Кандидатите тековно ги следат изменувањата и дополнувањата на постојните закони и прописи од соодветните области или донесувањето на нови закони и подзаконски акти, кои со влегувањето во сила по објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, стануваат составен дел на испитната програма.